# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# НА
# – КОАЛИЦИЈА МАРГИНИ -

# 2023-2026

Охрид, Јули 2023 година

*Овој Стратешки план е изработен на работилница која се одржа од 10-12 јули 2023 година во Охрид, со учество на претставници на членките на Коалицијата Маргини, членови на Управниот одбор на Коалицијата, претставници од заедниците и претставници од партнерските организации.*

## Содржина

Листа на кратенки ..... 4
ЗА КОАЛИЦИЈАТА ..... 5
КОНТЕКСТ ..... 5
ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА ..... 6
ВИЗИЈА ..... 10
МИСИЈА ..... 10
ЦЕЛИ ..... 10
КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ ..... 10
ВРЕДНОСТИ ..... 11
ЦЕЛНИ ГРУПИ ..... 12
КОРИСНИЦИ ..... 12
ПАРТНЕРСТВО И СОРАБОТКА ..... 12
СРЕДНОРОЧНИ ЦЕЛИ ..... 13

СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 1: Подобрување на третманот на маргинализираните заедници од страна на институциите ..... 13
Приоритети ..... 13
Индикатори ..... 14

СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 2: Унапредување на националната рамка на политики и закони преку вклучување на интересите и потребите на маргинализираните заедници ..... 15
Приоритети ..... 15
Индикатори ..... 16
СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 3: Воведување на нестигматизирачки репрезентации и научно засновани информации и знаења за родот , сексуалноста и културите на маргинализираните заедници во јавната сфера ..... 16
Приоритети ..... 16
Индикатори ..... 17
СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 4: Јакнење на капацитетите на Коалицијата ..... 17
Приоритети ..... 17
Индикатори ..... 16

Среднорочна цел 5: Градење на критичка култура и политичко ангажирано граѓанство и креирање и проширување на автономни и прогресивни простори за маргинализаните заедници ........................................................................................................................ 17

Приоритети .......................................................................................................................... 17

Индикатори .......................................................................................................................... 18

СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ................................................................ 20

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ААВМУ | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| БРО | Биро за развој на образованието |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| ЗОО | Закон за основно образование |
| ЗСО | Закон за средно образование |
| ЗСЗД | Закон за спречување и заштита од дискриминација |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| КЗД | Комисија за заштита од дискриминација |
| ЛГБТИК | Лезбејки, геј мажи, бисексуални, трансродни (вклучувајќи ги и трансексуалните), интерсекс и квир личности |
| ЛКЖХИВ | Луѓе што живеат со ХИВ |
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МСМ | Мажи кои имаат секс со мажи |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МПР | Медицинско прилагодување на родот |
| НП | Народен правобранител |
| ППР | Правно признавање на родот |
| СЕММ | Совет за етика во медиумите на Македонија |
| СРЗ | Сексуално и репродуктивно здравје |
| СЗП | Сексуални и здравствени права |
| СОРИ | Сексуална ориентација и родов идентитет |

# ЗА КОАЛИЦИЈАТА

Коалицијата Маргини е формирана во 2007 година како неформална заедничка платформа и резултат на здружените напори и заложби на неколку организации: ХОПС-Опции здрав живот Скопје, ХЕРА, ИЗБОР-Струмица и ЕГАЛ. Од 2011 година Коалицијата е регистрирана како засебен ентитет, односно како граѓанска организција чиишто основачи се: ХОПС-Опции здрав живот Скопје, Х.Е.Р.А, ИЗБОР-Струмица, ЕГАЛ, и СТАР-СТАР. Од 2017 година организација членка на Коалицијата е и Заедно посилни – здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ во Македонија.

Членки на Коалицијата се:

- ХОПС-Опции здрав живот Скопје,
- ХЕРА,
- ИЗБОР-Струмица,
- ЕГАЛ
- СТАР-СТАР
- Заедно посилни.

Коалицијата има свој Статут и е регистрирана како здружение на граѓани во Централниот регистер на Република Македонија.

Коалицијата Маргини и нејзините членки работат на унапредување на правата на маргинализираните заедници, со фокус на активности за застапување, јакнење на капацитетите на институциите и на самите заедници за активно учество во процесите на донесување на одлуки поврзани со состојбите и правата на ЛГБТИК луѓето, луѓето што живеат со ХИВ, сексуалните работници, луѓето што употребуваат дроги и маргинализираните жени.

# КОНТЕКСТ

Во изминатите неколку години на глобално и национално ниво забележани се значајни поместувања во политиките кои ги засегаат маргинализираните заедници со кои работи Коалицијата Маргини, а кои придонесоа како кон подобрување и унапредување, така и кон загрижувачки уназадувања и ограничувања на човековите права на маргинализираните заедници и на демократски процеси. Несигурноста и стравот кои на глобално и национално ниво ја карактеризираат атмосферата и искуството на различни популации и во различни региони дополнително се испреплети со сè позасилениот пораст на десничарски идеологии, авторитарните лидери и движења, политичката апатија и засенувањето на солидарноста како клучна политичка и демократска вредност, и антидемократските и анти-родови движења како сериозна закана врз веќе постигнатиот прогрес во почитувањето на човековите права во многу земји вклучително и Република Северна Македонија. Фундаменталните слободи како слободниот говор и правото на здружување, медиумската слобода, владеењето на правото и родовата еднаквост се под засилена закана. И покрај ваквите промени направени се и позитивни чекори. Во последната Меѓународна класификација на болести (ICD-11) отстранета е дијагнозата со која се патологизираат трансродовите луѓе што ќе влијание врз обезбедувањето на здравствена грижа за трансродовите луѓе, и истовремено ќе го забрза процесот на усвојување на модели за

правно признавање на родот врз основа на самоопределување на национално ниво. Во последните 6 години во Македонија е подобрен дијалогот помеѓу Владата, институциите и граѓанските организации. Тоа влијаеше на унапредувањето на околината подобна за развој на политики за подобрување на статусот на маргинализираните заедници. Сепак ситуацијата е далеку од идеална. Во македонското општество сè уште доминираат традиционални и патријархални сфаќања коишто влијаат на заштитата, признавањето и почитувањето на сексуалните и здравствените права на маргинилизираните заедници. Маргинализираните заедници како ЛГБТИК ,МСМ, сексуалните работници, луѓето штп живеат со ХИВ/СИДА, луѓето што користат дроги и маргинилизираните жени сè уште се подложени на дискриминаторски практики на многу институционални нивоа и се чувствуваат стигматизирани во општеството. Покрај тоа, општата јавност сè уште не е подготвена да ги прифати овие групи како еднакви граѓани во општеството, додека предрасудите и стереотипите имаат длабоки корени. Сепак, околностите се сменија по падот на хибридниот режим на претходната десно ориентирана конзервативна влада во 2017 година.

Сегашната македонска влада е формирана од социјалдемократите. Преспанскиот договор и референдумот го поделија општеството, а национализмот повторно се распламтува во македонската политика и општество. Оттука, повторно во фокусот на политиката и во јавниот дискурс се прашањата за националниот идентитет, со што се стеснува просторот за делување и унапредување на состојбите со маргинализираните заедници. Меѓутоа, за разлика од десно-ориентираната влада, социјалдемократите делумно споделуваат некои од вредностите кои се клучни за Коалицијата. Но сепак, како социјал-демократска партија воглавно имаат конзервативни ставови кон прашата за правата на маргинализираните заедници и/или им недостасува политичка волја и решителност да донесат и спроведат социјал-демократски перспективи на човековите права. Државните институции досега покажаа поголем интерес и мотивација во соработката со граѓанското општество во областа на правата на маргинилизираните заедници, иако недостасуваат капацитети и јасна политичка волја. Интеграциските процеси во ЕУ се еден од главните приоритети на Владата и гледаме потенцијал во застапувањето на правата на маргинилизираните заедници во овие рамки. Но, партизираноста и непрофесионалноста на институциите останува клучен проблем кој има големо влијание на правата на маргинализираните заедници. Вклучувањето на граѓанските организации и на заедниците во донесување одлуки и креирање на политики е несистемско, во некои случаи и симболичко, бидејќи одлуките се донесуваат во политичките партии, а не низ инклузивни процеси во институции.

## ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА

Магинализираните заедници (сексуалните работници, ЛГБТИ, луѓето што употребуваат дроги и луѓето што живеат со ХИВ) се секојдневно изложени на повреди на правата, дискриминација и социјално исклучување како последица од третманот на институциите кои наместо да ги штитат и унапредуваат човековите права често се наоѓаат во улога на сторители на повредите. Од друга страна, политиките и законите не одговараат на потребите на заедниците, голем дел од суштествените прашања кои ги засегаат заедниците немаат соодветно законско решение, а докумените кои ги

штитат човековите права лошо се спроведуваат од страна на несензибилизирани и партизирани институции. Медиумите, образованието и културата наместо да делуваат како алатки за промоција на човековите права, продуцираат содржини кои ги одржуваат и зацврстуваат исклучувачките и дискриминаторските вредности, наративи и практики кон маргинализираните заедници.

Сексуалните работници во Македонија се изложени на понижување, насилство и игнорирање од страна на семејствата, на соседите, на клиентите, на институциите, на медиумите и од страна на општата јавност. Во 2022 година од страна на Коалиција Маргини и Здружението ХОПС-Опции за здрав живот Скопје документирани се вкупно 29 случаи на прекршување на правата на сексуалните работници, на вкупно 26 жртви.

Ваквиот однос на општеството кон сексуалните работници ја нарушува нивната економска моќ, ја разорува нивната доверба во системот и ги одвраќа од контакти со институциите, со што се зголемува ризикот по нивното здравје и живот. Сексуалните работници живеат и работат во небезбедна средина, за која придонесуваат и полициските службеници кои ги третираат недостоинствено и деградирачки. Наместо да ги заштитуваат од насилство, полициските службеници многу често ги уценуваат, злоупотребуваат и малтретираат сексуалните работници. Од друга страна, системот за социјална заштита воопшто не ги препознава потребите на сексуалните работници, не им ја овозможува потребната помош и поддршка придонесувајќи кон социјалната ексклузија.

Луѓето кои употребуваат дроги (ЛКУД) се најнепосакувана општествена група во Република Северна Македонија. Ова го потврдува и последното истражување за толеранцијата и вредностите на граѓаните спроведено од Македонскиот Центар за Меѓународна Соработка (МЦМС)[1] од 2021 година. Согласно ова истражување во Македонија има голема нетолеранција кон пет категории луѓе од кои најмногу кон зависници од дроги (91%). Употребата на дроги е силен извор на предрасуди поради кои луѓето кои употребуваат дроги се дискриминирани не само врз основа на нивниот здравствен статус и состојба на зависност, туку и поради тоа што овие луѓе ги обединува специфична положба во општеството поради која се предмет на предрасуди и отфрленост во заедницата.

Прекршувањето на правата во полициската постапка како редовните претреси, повикувања и вознемирувања од страна на полицијата и третманот на „дежурен виновник“ негативно влијаат на успешноста на и онака несоодвените програми за лекување, во кои целосно недостасува компонентата на ресоцијализација и психо-социјална поддршка. Луѓето што рекреативно  и/или медицински употребуваат дроги се изложени на криминализација како последица од паушалното спроведување на законот и несоодветна законска рамка што ја регулира употребата на дрогите. Луѓето што употребуваат дроги се соочуваат со дискриминација и ограничен пристап до пазарот на труд, што дополнително придонесува кон социјалното исклучување и неможноста за ресоцијализација. За разлика од сексуалните раотници, системот за социјална заштита повеќе ги препознава луѓето што употребуваат дроги, но сепак постоечките услуги и права се несоодветни за потребите. Центрите за лекување на зависности функционираат со минимални капацитети, а фокусот е исклучиво ставен на

[1] Димова Наташа, Тоелранција и вредности на граѓаните,МЦМС, 2021

администрирање на супстиционите терапии, додека остатокот од јавното здравство има негативни ставови и ги исклучува луѓето што употребуваат droги неретко одбивајќи здравствени услуги. Дополнителен проблем е кратењето на финансиските средства од страна на Министерството за здравство за програмите за намалување на штети од употреба на дроги кои ги спроведуваат граѓанските организации во 2022 и 2023 година. Ваквиот несензитивен однос од Министерството за здравство и целосното неразбирање на значењето на овие превентивни програми за јавното здравје во државата ќе доведе до зголемување на ризикот од ХИВ, небезбедна употреба на дрогите, влошување на здравствената и социјалната сотојба на луѓето кои употребуваат дроги како и до зголемување на трошоците за надминување на овие последици.

Еден од основните проблеми на луѓето што живеат со ХИВ се предрасудите и стигматизација од општата јавност, здравствениот систем и останатите институции. ХИВ се уште се претставува како „смртоносен вирус“, проследен со стигмата и предрасудите кон геј мажите. Иако Министерството за здравство го презема финансирањето на превентивната програма за ХИВ, сепак прашањето на одржливоста сè уште не е разрешено, а потребите налагаат отворање на нови сервиси и услуги за превенција и за заштита на правата на ЛКЖХИВ и останатите клучни заедници.

Стигмата и предрасудите кон ЛГБТИ луѓето присутни во јавноста, медиумите и образованието дополнително придонесуват кон одржување на хомофобијата и трансфобијата. Во истражувањето на ставовите на публиката за претставувањето на ЛГБТИ лицата во медиумите, 64% од испитаниците одговориле дека многу им пречат интимни сцени на двајца мажи. Полицијата и обвинителството несоодветно постапува во случаите на дела од омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, преку што се мотивораат насилниците наместо да се казнуваат. Социјалната заштита и заштитата од насилство, сексуалните и репродуктивните права, правото на приватност и семеен живот се дел од проблемите кои допрва треба да се разрешуваат преку застапување за промени на политиките и законите. Со активноста на МПЦ и антиродовите движења се бележи пораст на говорот на омраза кон ЛГБТИ луѓето, додека и покрај бројните пријави сè уште нема санкциониран сторител во кривична постапка.

По донесувањето на пресудста на ЕСЧП Икс против Македонија се бележи унапредување на практиката на Управата за матична евиденција во овозможување на правно признавање на родот. Во Министетрвото за правда преку инклузивен процес беа подготвени измени и дополнувања на Законот за матична евиденција со кои се предвиде брза, јасна постапка за правно признавање на родот заснована на самоопределување. Но законот сè уште не е донесен, односно беше тргнат од дневен ред на собраниската Комисија за политички систем без никакво образолжение, по што следеше трансфобична кампања предводена од парламентарни политички партии. Антородовите движења и МПЦ активно спроведуваат капања против овој закон и Законот за родова еднаквост, по што и онака слабата политичка волја дополнително

опадна. Непристапоста и недостапноста на услуги за медицинско прилагодување на родот, незнаењето и предрасудите на здравствените работници се еден од клучните проблеми. Согласно годишниот извештај на Коалицијата за 2022 година се документирани 26 случаи на прекршување на правата на транс луѓето во Република Северна Македонија.

Бележиме унапредувања во системот на заштита и превенција од дискриминација преку функционирањето на Комсијата за спречување и заштита од дискриминација, иако се потребни унапредувања во делот на спроведување на превентивната и ескпертската функција, спроведување на мислењата и јакнење на независноста. Но, сè уште не се спроведено услогасувањето на законодавството, капацитетите на Народниот правобранител, инспекторатите и судовите за спречување и заштита од дискриминација остануваат слаби.

Од 2020 година во МТСП активно работи работната група за нов Закон за еднакви можности, т.е. Закон за родова еднаквост. Предлог законот вклучи прогресивни решенија кои значат подобри системски решенија за родовата машинерија и посуштинско разбирање на родовата еднаквост и начините за нејзино остварување. Но, донесувањето на законот е под закана поради кампањата на МПЦ и антиродовите движења, кои се служат со говор на омраза и дезинформации поврзани со родовата еднаквост и придонесоа до намалување на политичката волја. На полето на спречување и заштита од родово засновано насилство се бележат успеси со ратификацијата на Истанбулската конвенција, донесување на планови за имплементација, донесување на нов Закон за спречување и заштита од семејно насилство и насилство врз жени и измените на Квивичниот закон со кои се санкционираше сексуално вознемирување, демнење, силување засновано на недостаток на согласност и друго. Но, покрај унапредувањата во законката рамка сведочиме на статус кво во постапувањето на институциите, а особено обвинителството, центрите за социјална работа и несостатокот на сервиси за поддршка на жртви и за работа со сторители.

Во образованието, како последица на активностите на анти-родовото движење од една страна, и недостатокот на политичка волја од друга, не се спроведоа до крај реформите кои требаше да доведат до поеднакво образование без дискриминација и насилство. Во 2019 година се усвои нов Закон за основно образование, каде недискриминацијата, насилството и родовата еднаквост добија соодветна заштита. Врз основа на овој закон се донесе подзаконски акт Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, кој го препознава родово заснованото насилство, силеџиството кон ЛГБТИ ученици, ранливоста на учениците со попреченост и други маргинализирани групи. Исто така се донесе и нова концепција за основно образование врз основа на принципот на родово сензитивно образование и во која сеопфатното сексуално орбразование се предвиде како изборен предмет. Но, не се донесоа нови закони за средно, средно стручно образование и за учебници кои се од посебен интерес на Коалиција Маргини. Исто така, новите решенија од областа на основното образование не се спроведуваат доволно.

## ВИЗИЈА

Коалицијата Маргини се залага за свет во кој сите луѓе подеднакво и без дискриминација ги уживаат универзалните човековите права, и каде почитувањето на различностите, правото на избор и социјалната правда се основни приницup за демократско и слободно општество.

## МИСИЈА

Коалицијата Маргини се залага за заштита и почитување на основните човекови права на маргинализираните заедници, со фокус на ЛГБТИ луѓето, луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници/чки, луѓето кои живеат со ХИВ и маргинализираните жени. Коалицијата делува преку застапување, истражувања и анализи, суштинско вклучување во креирањето и имплементацијата на политиките, едукација на сите засегнати страни, промоција на културните практики, како и вмрежување и градење алијанси со граѓанското општество.

## ЦЕЛИ

Долгорочни цели на Коалицијата, кои се утврдени во нејзиниот Статут, се:

1. Унапредување на здравјето и добросостојбата на маргинализираните заедници преку овозможување на достапност и подобрување на пристапот до квалитетни здравствени, социјални и правни услуги;
2. Споделување на вредностите на Европската унија во насока на унапредување на човековите права, заштита од дискриминација и родова рамноправност;
3. Воспоставување на поддржувачка околина за маргинализираните заедници, во која еднаквоста, слободата  и почитувањето на сексуалните различности се темелни вредности.
4. Зголемена јавна свест за правата на маргинализираните заедници;
5. Активна вклученост на маргинализираните заедници во борбата за остварување на сопствените права и слободи.

## КЛУЧНИ АКТИВНОСТИ

- Застапување за политики, закони и практики кои ќе овозможуваат праведен и еднаков третман за маргинилизираните заедници;
- Промовирање на вклученост и целосно учество на маргинилизираните заедници во креирањето и имплементацијата на политиките и услугите кои влијаат на нивното здравје и права,
- Едукација на засегнатите маргинализирани зедници, владините претставници, обезбедувачите на услуги, соработниците, и општата јавност за здравствените потреби и правата на маргинилизираните заедници;
- Развивање/вклучување/поврзување во мрежи со сродни организации преку кои ќе се овозможува размена на знаења, превземаат заеднички акции и ќе се овозможува примена на добри практитки за унапредување на здравјето и правата на маргинилизираните заедници;

- Развивање на стратегии за обезбедување на финансиски средства од можните донатори, владини институции и сл.;
- Кампањи за сензибилазиција на јавноста за правата на маргинилизираните заедници.
- Промоција на закон за антидискриминација во контекст на маргинилизираните заедници;
- Дебати и расправи за сексуални и здравствени права на маргинилизираните заедници;
- Креирање на референтна мрежа на лекари и правници кои се сенизибилизирани во однос на маргинилизираните заедници;
- Развој на вештини со претставници на јавни институции (во областа на здравството, социјалата и сл.) и државни органи (министерства, парламент, ЕЛС);
- Покренување на судски случаи за практикување на правата на маргинилизираните заедници и обезбедување на правна помош;
- Лобирање за воспоставување на специјализирани (бесплатни, квалитетни, доброволни, доверливи) сервиси за СРЗ во рамките на системот на здравствена заштита;
- Воведување на предметот сексуално здравје во образованието;
- Создавање на позитивно законско опкружување за спречување на дискриминација на маргинилизираните заедници;
- Промоција на закон за антидискриминација во контекст на маргинилизираните заедници;
- Лобирање за измени на закон за антидискриминација во контекст на маргинилизираните заедници;.
- Лобирање во изработката на национални политики;
- Воспоставување на соработка и партнерство со Народниот правобранител и Јавното обвинителство;
- Работа со комисиите за заштита на права на пациенти во општини;
- Документирање на случаи на прекршување на СЗП на и подготовка и објавување на извештаи за состојбата со СЗП на маргинилизираните заедници;
- Информирање на лицата од маргинилизираните заедници за нивни права;
- Активно вклучување на маргинилизираните заедници во активности на коалицијата;
- Организрање на активности за јакнење на заедница;
- Мотивирање на маргинилизираните заедници за пријавување/покренување на случаи;
- Организирање на активности за покренување на политичката свест на маргинилизираните заедници.

## ВРЕДНОСТИ

- Коалицијата верува дека почитувањето на различностите и правото на избор се основни приниципи за здраво, толерантно и слободно општество.

- Коалицијата целосно ги препознава потребите и грижите на маргинализираните заедници поврзани со нивното здравје, сексуалноста и слободата на избор на живеење и навики и се залага за остварување на овие права.
- Коалицијата верува дека целосното уживање на сексуалните и здравствените права и слободи на маргинализираните заедници може да се оствари само преку активното учество и мобилизација на припадниците на маргиналираните заедници и партнерство со сите релевантни чинитители во опшеството
- Коалицијата е демократска мрежа на граѓански организации заснована врз принципот на еднакво, хоризонтално и колаборативно дејствување и носење на одлуки врз основа на принципи засновани на рамката на човековите права.
- Коалицијата се заложува за сеопфатно разбирање на сексуалноста кое ги вклучува емотивните, психолошките, социјалните и културните фактори при планирање и испорачување на услуги.
- Коалицијата се заложува за дејствување засновано на интегрален и интерсекциски пристап во застапувањето на човековите права и солидаризирање со сите социјални движења за правда и еднаквост на сите луѓе без разлика на нивниот идентитет, статус, карактеристики и разлики.
- Коалицијата се залага за структурно интегрирање на принципот на родова еднаквост и диверзитет во сите сфери на општеството како и во методите на својата работа
- Коалицијата  се спротиставува на сите форми на експлоатација на работниците и нивните права и го вклучува почитувањата на работничките права  во принципите на сопствената работа

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

- Општа популација
- Донесувачи на одлуки
- Претставници на јавни и државни институции на локално и централно ниво
- Млади
- Меѓународна заедница
- Маргинализирани заедници

## КОРИСНИЦИ

- ЛГБТИК и МСМ (Мажи кои имаат секс со Мажи)
- Сексуални работници/чки
- Луѓе што употребуваат droги
- Луѓе што живеат со ХИВ/СИДА
- Маргинализирани жени
- Членови на Коалицијата

## ПАРТНЕРСТВО И СОРАБОТКА

Коалицијата остварува соработка и партнерство со:

- Министерство за здравство
- Министерство за образование и наука
- Министерство за труд и социјална политика

- Министерство за правда
- Министерството за култура
- Министерство за внатрешни работи
- Собранието на Република Македонија
- Народниот правобранител
- Комисијата за спречување и заштита од дикскриминација
- Агенцијата за аудио-визуелни медиуми
- Јавни институции кои обезбедуваат здравствени, социјални и правни услуги
- Високо образовни институции
- Биро за развој на образованието
- Електронски и печатени медиуми
- Граѓанскиот сектор
- Институции на ЕУ
- Совет на Европа
- Меѓународни организации и мрежи
- Агенции на Обединети нации
- Донатори

## СРЕДНОРОЧНИ ЦЕЛИ

За периодот 2023-2026 година Коалицијата ги утврдува следниве среднорочни цели:

1. Подобрување на третманот на маргинализираните заедници од страна на институциите
2. Унапредување на националната рамка на политики и закони преку вклучување на интересите и потребите на маргинализираните заедници
3. Воведување на нестигматизирачки репрезентации и научно засновани информации и знаења за родот , сексуалноста и културите на маргинализираните заедници во јавната сфера
4. Јакнење на капацитетите на Коалицијата за стратешко застапување, за односи со јавноста и финансиска одржливост.
5. . Градење на критичка култура и политичко ангажирано граѓанство, и креирање и проширување на автономни и прогресивни простори за маргинализаните заедници

## *СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 1: Подобрување на третманот на маргинализираните заедници од страна на институциите*

### Приоритети

1.1 Застапување за воведување на програми за обука во јавните институции за работа со маргинализираните заедници;

1,2 Градење на капацитети на јавни институции за сензибилизација за работа со маргинализираните заедници;
1.3 Набљудување и известување за работата на јавните институции и на механизмите за заштита и застапување за унапредување на нивните практики за работа со маргинализирани заедници
1.4 Воспоставување и одржување на соработката со сојузници во јавните институции;
1.5 Јакнење на капацитети на маргинализираните заедници за препознавање на прекршувањето на нивните права, документирање на случаи и пријавување повреди во надлежни институции.
1.6 Стратешко застапување на случаи на повреди на права за промена и/или унапредување на практиките на институциите при постапувањето со маргинализираните заедници
1.7 Мониторинг на работата на КСЗД со посебен акцент на правната пракса и јакнење на нивните капацитети
1.8 Промена на практиките на полиција, обвинителство и судство (органи на прогон) кон лица кои употребуваат droги;

## Индикатори

- Број на институции кои во програмите за вработени имаат внесено содржини за маргинализирани заедници
- Број на обучени и број на сензибилизирани претставници од јавни институции (воспитно-образован кадар, социјални и здравствени работници) за работа со маргинализирани заедници
- Број на извештаи од спроведено набљудување на работата на институциите
- Број на документирани случаи на прекршување на права од страна на јавни институции
- Број на пријавени случаи на прекршување на права од страна на јавни институции до механизми за заштита
- Број на пријавени случаи на прекршување на права од страна на јавни институции во кои механизмите за заштита ја препознале повредата и преземале мерки за заштита
- Број на прифатени и спроведени препораки за унапредување на работата на јавните институции
- Број на случени меморандуми за соработка со јавни институции
- Број на заеднички иницијативи со јавни институции
- Број на претставници од маргинализирани заедници кои документираат случаи на прекршувања на човекови права
- Број на нови претставници од маргинализирани заедници обучени за документирање случаи и препознавање на повреди на права
- Број на претставници од маргинализирани заедници кои пријавуваат случаи на повреди на права до надлежни институции (користат правна и/или психо-социјална поддршка)
- Број на стратешки случаи застапувани пред надлежни институции (судски, квазисудски, и други)

- Број на стратешки случаи во кои надлежната институција ја препознала повредата и преземала мерки за превенција/заштита
- Број на практики на надлежни институции кон постапувањето со маргинализирани заедници кои се промениле/ унапредиле како последица од стратешкото застапување
- Број на извештаи од набљудување на работата на КСЗД
- Идентификувани области во кои е потребно унапредување и креирани препораки за подобрување на правната пракса и остварувањето на другите надлежности на КСЗД
- Број на прифатени и спроведени препораки од страна на КСЗД
- Број на претставки за дискриминација на маргинализирани заедници
- Број на претставки за дискриминација на маргинализирани заедници во кои КСЗД утврдила дискриминација и донела соодветни (попорционални) мерки за превениција и заштита од дискриминација
- КСЗД ги применува меѓународните стандарди за човекови права на маргинализирани заедници во спроведување на заштитната функција
- Лицата кои употребуваат дроги известуваат за попозитивни практики кон неказнување на личната употреба на дроги
- Број на применети позитивни практики кон неказнување на личната употреба на дроги од страна на органите на прогон
- Органите на прогон не ги казнуваат лицата кои употребуваат дроги и ги почитуваат нивните процесни права

## *СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 2: Унапредување на националната рамка на политики и закони преку вклучување на интересите и потребите на маргинализираните заедници*

### Приоритети

2.1. Застапување за измени и дополнување на Закон за спречување и заштита од дискриминација и мониторинг на неговата имплементација во партнерство со Мрежата за заштита од дискриминација;

2.2. Застапување за донесување на Закон за родова еднаквост согласно меѓународни и регионални стандарди;

2.3. Застапување за усвојување на закон за матична евиденција со цел правно признавање на родот;

2.4. Застапување за усогласување на постоечките закони со новиот ЗСЗД

2.5. застапување за усвојување на политики против насилство во училиштата;

2.6. Застапување за измени на закони и политики од областа на образованието во насока на вклучување на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација и насилство;

2.7. Застапување за донесување стручно медицинско упатство за регулирање на процесот на МПР;

2.8. Застапување за донесување на нов Акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција;

2.9. Застапување за донесување на Национална Стратегија за droги на СРМ базирана на човекови права

2.10. Вградување на интересите и потребите на маргинализираните заедници во националните политики согласно стандардите и политиките на ЕУ;

2.11 Застапување за принципите на еднаквост и недикриминација во трудовото законодавство.

## Индикатори

- Усвоени измените во постоечкиот ЗСЗД;
- Усвоен Закон за родова еднаквост;
- Усвоен Закон за матична евиденција со промени што го регулираат ППР;
- Усогласени закони од областите образование, здравство, медиуми, правосуден систем, работни односи и социјална заштита со ЗСЗД со учество на Коалицијата;
- Усвоено Упатство за превенција и заштита од врсничко насилство во средно образование;
- Остварени 6 работни средби со лекари специјалисти и претставници од МЗ и СЗО;
- Усвоен нов Акцискиот план за имплементација на Истанбулската конвенција;
- Донесена нова Национална Стратегија за дроги на МК базирана на човекови права;
- Број на усвоени национални документи што ги вклучуваат интересите и потребите на МЗ во националните политики согласно стандардите и политиките на ЕУ;

## *СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 3: Воведување на нестигматизирачки репрезентации и научно засновани информации и знаења за родот , сексуалноста и културите на маргинализираните заедници во јавната сфера*

## Приоритети

3.1. Застапување за ревизија и дополнување на содржините поврзани со маргинализираните заедници во учебниците и учебните помагала;

3.2. Следење на состојбата, зајакнување на соработката со медиумите и одржување на соработката со ААВМУ  и медиумските здруженија

3.3. Поттикнување, подржување и креирање  на прогресивните содржини поврзани со родот, сексуалноста и културата на маргинализираните заедници во новите медиуми, социјални мрежи и други алтернативни платформи;

3.4. Продукција на истражувања, текстови и знаења поврзани со род, сексуалност и културите на маргинализираните заедници
3.5. Организирање на културно-уметнички настани со содржини кои ги засегаат маргинализираните заедници.

### Индикатори

- Покренати најмалку 2 претставки за отстранување или променување на спорни содржини врз основа на современи и научно засновани информации во постоечките учебници во формалното образование;
- Покрената најмалку 1 судска постапка за повлекување на спорни содржини во учебниците;
- Реализиран нов циклус на истражување за репрезентација на ЛГБТИ+ во медиумите;
- Реализирани /емитувани 5 дебатни емисии за теми кои ги засегаат маргинализираните заедници;
- Одржани 8 индивидуални настапи на лица од маргинализираните заедници на ТВ и другите медиуми;
- Одржани 2 заеднички средби во соработка со ААВМУ;
- Поднесени најмалку 5 претставки до СЕММ;
- Објавени 15 стории за родот, сексуалноста и културата на МЗ во новите медиуми, социјални мрежи и други алтернативни платформи;
- Продуцирани и објавени 10 научни истражувања, текстови и знаења поврзани со родот, сексуалноста и културите на МЗ;
- Одржани 6 културно-уметнички настани кои ги застапуваат или претставуваат маргинализираните заедници;

## *СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 4: Јакнење на капацитетите на Коалицијата*

### Приоритети

4.1 Јакнање на капацитети за застапување пред ЕУ и меѓународни институции и вмрежување со релевантни партнери кои ќе помогнат во застапувањето;
4.2 Усвојување и спроведување на комуникациска стратегија која вклучува и односи со јавност во случај на криза;
4.3 Усвојување на стратегија за финансиска одржливост
4.4 Дополнување на постоечкиот правилник за финансиско работење
4.5 Усвојување на политика за спречување на конфликт на интерес;
4.6 Обезбедување на институционална и оперативна финансиска поддршка;
4.7 Планирање и спроведување заеднички активности и приоритети со членките на Коалиција;
4.8 Унапредување на работата на управниот одбор и собранието;
4.9 Креирање на програма за поддршка на вработени и за превенција од прегорување;
4.10 Овозможување на интегрирани услуги (бесплатна правна и психо-социјална помош) во случаи на прекршување на правата на маргинализираните заедници

4.11 Воспоставување на систем на поддршка на активисти/ вработени кои се изложени на јавни напади во соработка со меѓународни организации;

4.12 Мапирање на психолози и психијатри со фокус на јавно здравство и јакнење на нивните капацитети за работа со маргинализирани заедници;

4.13 Вмрежување и јакнење на внатрешните капацитети за застапување за политики за заштита на животна средина кои ги имаат во предвид потребите на маргинализираните заедници

4.14 Јакнење на капацитетите на коалицијата и МЗД за препознавање и заштита од дискриминација во дигиталната сфера -алгоритмична дискриминација

## Индикатори

- Број на вработени на Коалиција кои се обучени за застапување пред ЕУ и пред меѓународни институции
- Број на мрежи и партнерства со релевантни чинители за застапување пред ЕУ и пред меѓународни институции
- Креирана и усвоена комуникациска стратегија која вклучува план за односи со јавност во случај на криза
- Донесен правилник за финансиско работење кој вклучува политики за плати, за зголемување плати, за финансирање на службени патувања
- Креирана и усвоена стратегија за финансиска одржливост
- Креирана финансиска заштеда на организацијата
- Креирана и усвоена политика за конфликт на интерес
- Број на заеднички активности и иницијативи на годишно ниво со членките на Коалиција
- Одржани редовни состаноци на УО (минимум два пати годишно) и на Собрание (минимум еднаш годишно)
- Крирана и донесена програма за поддршка на вработени во случај на прегорување и за превенција од прегорување
- Број на вработени кои користат психо-социјална поддршка и/или други мерки за превенција и заштита од прегорување
- Број на корисници на интегрирани услуги (број на корисници на психо-социјална поддршка и број на корисници на правна помош)
- Креирана програма за поддршка на активнисти/вработени изложени на јавни напади
- Број на нови психолози кои нудат услуги преку Коалиција
- Број на психијатри кои нудат услуги на маргинализирани заедници преку Коалиција
- Број на сензибилизирани психолози и психијатри кои нудат услуги на маргинализирани заедници во јавно здравство
- Број на вработени кои имаат капацитет за застапување за политики за животна средина од аспект на потреби на маргинализирани заедници
- Број на партнерства со релевантни чинители за застапување за политики за животна средина
- Број на иницијативи кои го адресираат влијанието на животната средина врз маргинализираните заедници

- Број на претставници на Коалиција и МЗД кои имаат капацитети за препознавање и застапување против алгоритмична дискриминација
- Развиени и спроведени иницијативи за подигнување на свеста и справување со алгоритмична дискриминација
- Број на позитивно решени случаи на алгоритмична дискриминација застапувани од Коалиција и МЗД

## *СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ 5: Градење на критичка култура и политичко ангажирано граѓанство и креирање и проширување на автономни и прогресивни простори за маргинализаните заедници*

### Приоритети

5.1. Мобилизација и едукација на потенцијални и идни активисти за родова и сексуална еднаквост и човекови права на маргинализираните заедници
5.2. Развивање на стратегии за активно вклучување на претходни учесници на настани и програми на Коалицијата и нејзините членки;
5.3. Поттикнување и продукција на критички текстови од и за заедниците во алтернативните медиуми;
5.4. Организирање и промоција на културно социјални настани и прогресивни простори за промоција и изразување на културата на маргинализираните заедници
5.5. Учество во креирање на политичка протестна култура за родова и сексуална еднаквост;
5.6. Продукција и промоција на критичка култура и уметност како платформа за јакнење на маргинализираните заедници

Индикатори

- Реализирани 6 школи за родова и сексуална еднаквост и човекови права на МЗ;
- Зголемен број на вклучени нови млади, претходни учесници и членки на Коалиција Маргини во едукативните програми на Коалицијата;
- Формирана дата-база на алумни на Коалицијата;
- Продуцирани и објавени 10 критички текстови од и за заедниците во алтернативните медиуми;
- Организирани 12 културно-социјални настани/забави на различни локации (барови, клубови, културни простори);
- Организирани 3 Паради на гордоста, 3 Маршови на видливост и сродни протесни активности (во зависност од тековните политички случувања);
- Одржани 6 културно-уметнички настани кои ги застапуваат или претставуваат маргинализираните заедници;

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Спроведувањето на Стратешкиот план е надлежност на извршната канцеларија на Коалицијата. Извршната кацеларија на Коалицијата подготвува преглед на спроведувањето на стратешкиот план на секои шест месеци, кој го доставува до Управниот одбор. Управниот одбор го разгледува спроведувањето на Планот и утврдува насоки за негово натамошно спроведување.

Спроведувањето на Стратешкиот план се следи според исполнувањето на утврдените индикатори.

Исполнувањето на индикаторите се следи според однапред утврден план за следење на индикаторите, во кои се утврдени методот на собирање податоци, изворите за верификација, зачестеноста на прибирање на податоците, одговорните организации/лица за собирање на податоците и начинот на известување.

.